**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1203-120/3**

**Скопје, 26.01.2007 година**

## До
## Основен суд Струмица – Струмица

### КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Основен суд Струмица – Струмица депозитна сметка (во понатамошниот текст Основен суд) за 2005 година кои се прикажани на страните од 4 до 5.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Основниот суд за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај, се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:
   - Ѓорги Маневски - Претседател на Основен суд Струмица од 01.01. до 24.01.2005 година,
   - Емил Глигоров - в.д.Претседател на Основен суд Струмица од 31.01.2005 година и Претседател на Основен суд Струмица од 19.07.2005 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Извештај, прикажан на страните 1 до 3, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 30.10.2006 година до 03.11.2006 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   -дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   -дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи, дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

***10.1. Неправилна примена на акти:***

10.1.1. Во делот на материјално финансиското работење со вонбуџетските средства како привремен и редовен депозит на депозитната сметка, ревизијата утврди дека на истата има прилив 24.242 илјади денари, одлив 6.906 илјади денари и салдо од 17.336 илјади денари, што претставува состојба на средствата на депозитите на крајот на годината за што:

- Не е воспоставена дел од евиденција на начин предвиден во делот петти од Судскиот деловник (Работни книги за евиденција на депозитите),
- Утврдено е почетно салдо на жиро преодната сметка на депозитите во износ од 837 илјади денари од минати години, а произлегува од неевидентирање на исплати на трошоци на извршителите, односно при приемот и исплатата на готовината од благајната во минати години не се изготвувале каса прими односно каса исплати (дневни касови извештаи), од страна на одговорното лице за работење со средствата на депозитите, што влијае на материјалната одговорност за примените и дадените парични средства на Основниот суд за 2004 година, која поради фактот што одговорното лице за евиденција, уплати и исплати починало на крајот од 2004 година неможе да биде спроведена.
- Не е формирана Комисија за преглед на севкупното работење на средствата за депозитите,
- Не е изработен Преглед на судските депозити, како прилог кон завршната сметка,

спротивно на одредбите од Судскиот деловник и Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Воспоставениот начин на евидентирање на депозитите придонесува Основниот суд да не располага со целосни податоци за утврдување на состојбата и движењата на депозитните средства и нивното законско и наменско користење.

**Препорака:**
Основниот суд да воспостави евиденција на средствата од судските депозити, согласно одредбите од Судскиот деловник, по годишното заклучување на работните книги за евиденција на депозитите и изработка на “Биланс на средствата на депозитите”, да формира Комисија за преглед на севкупното работење на средствата за депозитите, која ќе ја определи Претседателот на судот, а изработката на Прегледот на судските депозити да е состевен дел на завршната сметка.
Во делот на утврдените средства во износ од 837 илјади денари на преодната жиро сметка на Основниот суд, ревизијата не дава препорака

бидејќи во текот на вршењето на ревизијата донесена е Одлука за формирање на комисија за вонреден попис, која констатира дека исплатата на средствата е извршена во текот на 2004 година во готово со потписи на самите изводи. Прибавени се изјави од извршителите-лица кои ги примиле средствата и изготвен е Преглед на исплатени средства од благајна на депозитна сметка на Основен суд Струмица, со што е потврдена исплатата на средствата во минати години.

Утврдените состојби да се евидентираат во сметководствената евиденција.

11. Според наше мислење, освен за изнесеното во точката 10.1. финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно, финансиската состојба на Основен суд Струмица – Струмица – депозитна сметка на ден 31 Декември 2005 година, резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, освен за изнесеното во точката 10.1. кај Основен суд Струмица – Струмица - депозитна сметка остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

**Скопје, 24.01.2007 година** **Овластен државен ревизор**



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:02 3211-262, факс:02 3126-311*

**Основен суд Струмица - Струмица**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2005** | **2004** |
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 24,242 | 21,477 |
| **Вкупно приходи** | **24,242** | **21,477** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 6,906 | 2,264 |
| **Вкупно тековни расходи** | **6,906** | **2,264** |
| **Вкупно расходи** | **6,906** | **2,264** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **17,336** | **19,213** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **17,336** | **19,213** |

**Основен суд Струмица - Струмица**

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 17,384 | 19,213 |
| Активни временски разграничувања | 246 | 143 |
| **Вкупно тековни средства** | **17,630** | **19,356** |
| **Вкупна актива** | **17,630** | **19,356** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Обврски спрема државата и други институции | 246 | 143 |
| Пасивни временски разграничувања | 17,384 | 19,213 |
| **Вкупно тековни обврски** | **17,630** | **19,356** |
| **Вкупна пасива** | **17,630** | **19,356** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:02 3211-262, факс:02 3126-311*